# ЗАКОН ЗА ДАВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ НА ДАЛЕЧИНА

**Пречистен текст – Неофицијална верзија[1]**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот на давањето на финансиски услуги на далечина.

### Член 2

(1) Одредбите од овој закон се применуваат на договорите за давање на финансиски услуги на потрошувачи на далечина (во натамошниот текст: договор на далечина).

(2) Во случај на договор на далечина што се состои од иницијален аранжман за услуга, по кој следуваат сукцесивни операции или серија на одделни операции од иста природа кои се реализираат во определени временски интервали, одредбите од овој закон се применуваат само за иницијалниот аранжман.

(3) Во случаите кога не постои иницијален аранжман, но во одреден период меѓу договорните страни, се вршат сукцесивни операции или серија на одделни операции од иста природа, одредбите на членовите 6, 7 и 8 од овој закон се применуваат само на првата операција.

(4) Доколку во период подолг од една година не се вршат операции од иста природа, следната операција ќе се смета за почетна во нова серија на операции и на неа ќе се применуваат одредбите од членовите 6, 7 и 8 на овој закон.

### Член 3

На договорите на далечина се применуваат и одредбите од други закони со кои е пропишано задолжително доставување на информации и податоци различни од наведените во членот 6 став (1) од овој закон.

---

[1] Пречистениот текст на Законот за давање на финансиски услуги на далечина го опфаќа Законот за давање на финансиски услуги на далечина и измените и дополнувањата на Законот ("Службен весник на Република Македонија" бр.158/10 и 153/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/21).

**Член 4**

(1) Потрошувачот не може да се откаже од правата што произлегуваат од овој закон.

(2) Ништовни се одредбите од договорот на далечина со кои се предвидува примена на правото на друга држава која не е земја членка на Европската унија со кои се исклучува примената на овој закон.

**Член 5**

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Договор на далечина" е секој договор за финансиска услуга склучен меѓу давател и потрошувач во рамките на организирана продажба на далечина или систем за давање услуги од страна на давателот кој, за потребите на тој договор, применува едно или повеќе средства за комуникација на далечина;

2. „Финансиска услуга" е секоја услуга од банкарска, кредитна, осигурителна, лична пензиска, инвестициска или платежна природа;

3. „Давател" е физичко или правно лице, кое во рамките на неговата трговска или професионална дејност, дава финансиска услуга на далечина;

4. „Потрошувач" е физичко лице кое, во договорите на далечина што се опфатени со овој закон, дејствува за цели кои не се поврзани со вршење на неговата трговска или професионална дејност;

5. „Средства за комуникација на далечина" се сите средства кои можат да се користат за продажба на услуга на далечина без истовремено физичко присуство на давателот и потрошувачот;

6. „Траен медиум" е секој инструмент што на потрошувачот му овозможува да ги складира информациите упатени лично до него на начин кој му овозможува користење (повикување) на тие информации во одреден временски период соодветен на целта на информациите и кој дозволува неизменета репродукција на складираните информации и

7. „Оператор или давател на средства за комуникација на далечина" е секое правно или физичко лице чија трговска или професионална дејност вклучува и ставање на располагање на едно или повеќе средства за комуникација на далечина.

## II. ДОГОВОР НА ДАЛЕЧИНА

### Член 6

(1) Пред потрошувачот да се обврзе со понуда и/или со договор на далечина, давателот е должен да му ги даде информациите кои се однесуваат на:

1)давателот:
а) идентитетот и основната дејност на давателот, адреса на седиштето и други адреси што се релевантни за комуникација на потрошувачот со давателот;
б) идентитетот на претставникот на давателот основан во земја членка на Европската унија каде што потрошувачот престојува или живее и адресата што е релевантна за комуникација на потрошувачот со претставникот, доколку постои таков претставник;
в) кога договорот на далечина подразбира односи на потрошувачот со субјект различен од давателот, идентитетот на тој субјект, капацитетот со кој тој дејствува во однос на потрошувачот и адресата што е релевантна за комуникација на потрошувачот со тој субјект;
г) доколку давателот е регистриран во трговски или друг соодветен регистар, регистарот во кој е запишан давателот и неговиот регистарски број или друга соодветна идентификација во тој регистар и
д) доколку активноста на давателот е предмет на лиценцирање, одобрување или сличен систем за авторизација, податоци за органот за надзор или супервизија;

2) финансиската услуга:
а) опис на главните карактеристики на финансиската услуга;
б) вкупната цена што потрошувачот ја плаќа на давателот за финансиската услуга, вклучувајќи ги и сите даноци, такси и трошоци во врска со неа што се плаќаат преку давателот, а кога не е можно да се утврди точната цена, се дава начинот за пресметка на цената што му овозможува на потрошувачот да ја потврди;
в) известување дека финансиската услуга е поврзана со инструменти што вклучуваат специјални ризици што произлегуваат од специфичните карактеристики или од операциите што треба да се извршат или чија цена зависи од флуктуациите на финансиските пазари надвор од контролата на давателот со укажување дека историските движења (податоци) не се индикатор за идните движења;
г) известување за постоење на други давачки и/или трошоци што не се плаќаат преку давателот или не се воведени од него;
д) ограничување на периодот за кој се валидни дадените информации, доколку има такво ограничување;
ѓ)начини на плаќање и

е) други дополнителни трошоци за потрошувачот поврзани со користење на средствата за комуникација на далечина, доколку се наплаќаат такви дополнителни трошоци;

3) договорот на далечина:
а) постоење или отсуство на правото за повлекување во согласност со членот 13 од овој закон, доколку постои правото на повлекување, информации за периодот во кој може да се користи тоа право и условите за користење на тоа право, вклучувајќи и информација за износот што може да се бара потрошувачот да го плати врз основа на членот 14 став (1) од овој закон, како и за последиците доколку тоа право не се реализира;
б) практични инструкции за остварување на правото на повлекување од договорот што, меѓу другото, подразбира назначување на адресата на која треба да се испрати известувањето за повлекување;
в) минималното траење на договорот на далечина во случај кога финансиската услуга се извршува перманентно или се повторува;
г) информација за правата што страните ги имаат за предвремено или еднострано прекинување на договорот согласно со условите од договорот на далечина, вклучувајќи ги казните предвидени со договорот во таков случај;
д) земјата членка или членки на Европската унија чии закони ги применува давателот како основа за воспоставување на односите со потрошувачот пред склучувањето на договорот на далечина;
ѓ) секоја договорна клаузула од законот што се однесува на договорот на далечина и/или надлежен суд и
е) јазик или јазици на кои се доставуваат условите од договорот на далечина и претходните информации од овој закон и јазик или јазици на кои давателот се обврзува во договор да комуницира со потрошувачот во текот на траењето на договорот на далечина и

4) други информации за:
а) постоење или непостоење на механизми за вонсудско решавање на спорови и за обесштетување на потрошувачот по договор на далечина и, ако постојат, начинот на пристапување до тие механизми и
б) постоењето на гарантни фондови или на други механизми за надоместување, кои не се опфатени со Законот за фондот за осигурување на депозити и Законот за хартии од вредност.

(2) Информациите од ставот (1) на овој член се даваат на јасен и сеопфатен начин, соодветен на употребените средства за комуникација на далечина, со почитување на принципите за совесност и чесност при комерцијални трансакции и принципите за заштита на оние што не се во можност, во согласност со домашното законодавство, да ја дадат нивната согласност (како што се малолетниците).

(3) Информациите од ставовите (1) и (2) на овој член се даваат на македонски јазик или на друг и на македонски јазик.

**Член 7**

(1) Информациите за договорните обврски што се доставуваат до потрошувачот пред склучување на договорот мора да се во согласност со договорните обврски што би произлегле од договорот на далечина, ако би бил склучен.

(2) Потрошувачот нема обврска да му плати на давателот трошоци кои не се содржани во договорот на далечина.

**Член 8**

(1) Во случајот на комуникација по телефон или на друго средство за гласовна комуникација на далечина, давателот е должен на почетокот на разговорот на јасен и експлицитен начин да му го соопшти на потрошувачот идентитетот на давателот и комерцијалната цел на повикот.

(2) По експлицитна согласност од потрошувачот, се даваат следниве информации:
1) идентитетот на лицето кое контактира со потрошувачот и неговата врска со давателот;
2) опис на главните карактеристики на финансиската услуга;
3) вкупната цена што потрошувачот ја плаќа на давателот за финансиската услуга, вклучувајќи ги и сите даноци, такси и трошоци во врска со неа што се плаќаат преку давателот, а кога не може да се утврди точната цена, начинот на пресметка на цената што му овозможува на потрошувачот да ја потврди;
4) известување за можноста од постоење на други давачки и/или трошоци што не се плаќаат преку давателот или не се воведени од него и
5) постоење или отсуство на правото за повлекување во согласност со членот 13 од овој закон, доколку постои правото на повлекување, се посочува рокот и условите за реализација на тоа право, вклучувајќи и информација за износот што може да се бара потрошувачот да го плати врз основа на членот 14 став (1) од овој закон, како и за последиците доколку тоа право не се реализира.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член, давателот го информира потрошувачот дека на негово барање, може да му се дадат и други информации и за тоа од каква природа се тие информации. Во секој случај, давателот ќе обезбеди целосна информација при исполнување на обврските од членот 10 на овој закон.

**Член 9**

(1) Давателот може да користи како средства за комуникација со потрошувачот автоматски системи за повикување без човечка интервенција (автоматска машина за повикување), факс-машини и други средства за комуникација на далечина кои овозможуваат индивидуална комуникација само по претходно добиена согласност од потрошувачот.

(2) Средствата за комуникација различни од средствата од ставот (1) на овој член може да се користат по претходна согласност на потрошувачот или ако потрошувачот јасно не приговори.

(3) Користењето на средствата за комуникација од ставот (1) на овој член не смее да биде на трошок на потрошувачите.

**Член 10**

(1) Пред потрошувачот да се обврзе со договор или понуда на далечина, давателот треба да му ги достави на потрошувачот сите услови од договорот и информациите од членот 6 став (1) на овој закон на хартија или на друг траен медиум што му е достапен на потрошувачот.

(2) Ако договорот бил склучен по барање на потрошувачот со користење средства за комуникација на далечина што не овозможуваат давање на договорните услови и информации во согласност со ставот (1) на овој член, давателот е должен да ја исполни обврската веднаш по склучувањето на договорот.

(3) Во кој било момент во текот на дејствијата поврзани со договорниот однос потрошувачот има право:
1) на негово барање да ги добие договорните услови на хартија и
2) да ги смени средствата за комуникација на далечина, освен ако ова е несоодветно со склучениот договор или со природата на дадената финансиска услуга.

**Член 11**

Договорот може да почне да се реализира само откако потрошувачот ја дал својата согласност.

**Член 12**

(1) Не смее да се дава услуга доколку не е барана од потрошувачот.

(2) Кога услугата не е на барање на потрошувачот, недавањето на одговор не се смета за согласност на потрошувачот за давање на таквата услуга.

**Член 13**

(1) Потрошувачот може во период од 14 календарски дена да се повлече од договорот без казна и без да даде причина за повлекувањето. Кај договорите на далечина за животно осигурување и дополнително доброволно пензиско осигурување периодот за повлекување е 30 календарски дена.

(2) Периодот на повлекување почнува:
1) од денот на склучувањето на договорот на далечина, односно кај животното осигурување и дополнителното доброволно пензиско осигурување, од моментот кога потрошувачот е информиран дека договорот на далечина бил склучен или
2) од денот на кој потрошувачот ги добил договорните услови и информациите во согласност со членот 10 ставови (1) и (2) од овој закон, ако тој ден е подоцна од денот од точката 1 на овој став.

(3) Правото за повлекување не се однесува за:
1) финансиските услуги чија цена зависи од флуктуациите на финансискиот пазар надвор од контролата на давателот, кои можат да се случат во текот на периодот на повлекување, како што се услугите во врска со:
а) девизниот пазар;
б) инструментите на пазарот на пари;
в) преносливите хартии од вредност;
г) уделите во инвестициските фондови;
д) договорите за финансиски фјучерси, вклучувајќи ги и инструментите за готовинско порамнување;
ѓ) термински договори за каматни стапки;
е) свопови на каматни стапки, валута и акционерски влог и
ж) опции да се стекне или отстапи некој од инструментите наведени во оваа точка вклучувајќи и инструменти за готовинско порамнување, како и опции за валута и за каматните стапки;
2) полиси за патничко осигурување и осигурување на багаж или слични краткорочни полиси за осигурување во траење од помалку од еден месец и
3) договори кои се целосно реализирани од двете договорни страни по експлицитно барање на потрошувачот дадено пред да го примени правото за повлекување.

(4) Ако потрошувачот сака да го искористи правото на повлекување од договорот тој, пред истекот на рокот за повлекување од ставот (1) на овој член, треба да го извести давателот следејќи ги практичните инструкции што му се дадени во согласност со членот 6 став (1) точка 3 потточка г) од овој закон преку средства што може да бидат

потврдени во согласност со закон. Рокот се смета за запазен, доколку известувањето е на хартија или на друг траен медиум што му е на располагање и му е достапен на примателот и ако е испратено пред истекот на крајниот рок.

(5) Ако во врска со договор на далечина за дадена финансиска услуга е склучен и друг договор за услуги што се овозможени од давателот или од трета страна врз основа на договор меѓу третата страна и давателот, овој дополнителен договор на далечина ќе биде раскинат, без никакви казни, ако потрошувачот го примени правото за повлекување од ставот (1) на овој член.

(6) Независно од условите за завршување и од правните ефекти од завршување на договорот, одредбите од овој член не ја ограничуваат примената на Законот за заштита на потрошувачите со кои се уредени откажувањето, прекинот или неспроведливоста на договорот на далечина или правото на потрошувачот да ги исполни своите договорни обврски пред времето утврдено во договорот на далечина.

(7) Одредбите од овој член не се применуваат на договорите за кредит што се откажани според условите од Законот за заштита на потрошувачите за раскинување на договори склучени на далечина и за временски ограничено право на користење на недвижен имот (тајмшеаринг).

**Член 14**

(1) Кога потрошувачот го користи правото на повлекување согласно со членот 13 став (1) од овој закон, од него може да се бара без непотребно одложување, да ја плати само услугата што реално била дадена од давателот во согласност со договорот. Износот што треба да се плати не смее:
1) да го надмине износот што е соодветен на веќе дадената услуга во споредба со целосната покриеност на договорот и
2) да биде таков што би можел да се протолкува како казна или надомест на штета.

(2) Давателот не може да бара од потрошувачот да изврши плаќање во согласност со ставот (1) од овој член, ако не може да докаже дека потрошувачот бил целосно информиран за износот кој треба да се плати во согласност со членот 6 став (1) точка 3 потточка а) од овој закон и ако без претходна согласност од потрошувачот започнал со реализацијата на договорот пред истекот на периодот за повлекување од членот 13 став (1) на овој закон.

(3) Давателот, без непотребно одложување и не подоцна од 30 календарски дена од денот кога го добил известувањето за повлекување, му ги враќа на потрошувачот сите суми што од него ги добил во согласност со договорот на далечина, освен износот што е платен согласно со ставот (1) од овој член.

(4) Потрошувачот, без непотребно одложување и не подоцна од 30 календарски дена од денот кога го доставил известувањето за повлекување, му ги враќа на давателот сите износи и/или имот што ги добил од давателот.

## III. ДОКАЖУВАЊЕ

### Член 15

(1) Докажувањето во поглед на обврските на давателот да го информира потрошувачот согласно со одредбите од овој закон, запазување на роковите од членот

13 став (1) на овој закон и добивање на согласност за склучување договор од страна на потрошувачот е на товар на давателот.

(2) Одредбите од договори на далечина со кои правото на докажување во случаите од ставот (1) на овој член се пренесени на потрошувачот, се нечесни одредби согласно со Законот за заштита на потрошувачите.

## IV. ВОНСУДСКО РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

### Член 16

Договорните страни ќе настојуваат настанатите спорови да ги решаваат со усогласување, порамнување, медијација или на друг мирен начин.

## V. ФОРМА НА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

### Член 17

(1) Организациите за заштита на потрошувачите преземаат активности пред судовите или надлежните институции заради заштита на потрошувачите од неспроведување на овој закон.

(2) Организациите за заштита на потрошувачите соработуваат со соодветните тела во други земји во решавањето на пограничните спорови во поглед на финансиските услуги што се дадени на далечина.

## VI. НАДЗОР

### Член 18

Надзор над давателите кои вршат финансиски услуги запишани во трговскиот регистар кој се води во Централниот регистар на Република Северна Македонија врз

основа на посебна дозвола од надлежен орган, односно институција, врши органот, односно институцијата кои ја издале дозволата на начин и постапка пропишана со закон.

## VII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 19

(1) Глоба во износ од 800 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на давателот – микро трговец, глоба во износ од 1.500 до 1.800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на давателот – мал трговец, глоба во износ од 2.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на давателот – среден трговец и глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на давателот – голем трговец ако:

1) не ги доставува информациите во согласност со членовите 6, 7, 8 и 10 ставови (1), (2) и (3) од овој закон;

2) постапува без да добие согласност според членовите 8 став (2), 9 став (1) и 11 од овој закон;

3) бара или прифаќа плаќање на трошоци од потрошувачот спротивно на членовите 9 став (2), 10 став (4) и 14 ставови (1) и (2) од овој закон и

4) не постапи во рокот определен во членот 14 став (3) од овој закон.

(2) Покрај глобата за прекршоците од став (1) на овој член на давателот од став (1) на овој член ќе се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на одделна дејност во траење до две години.

(3) Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член и на одговорното лице кај давателот од став (1) на овој член.

(4) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член на давателот - физичко лице, односно трговец поединец.

(5) Покрај глобата од став (4) на овој член на давателот – трговец поединец ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на одделна дејност во траење до една година.

### Член 20

За прекршоците предвидени со овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежниот суд.

**Член 20-а**

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно со Законот за прекршоците.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 21**

Овој закон ќе почне да се применува со денот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската унија.

**Член 22**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ - Закон за изменување и дополнување на Законот за давање на финансиски услуги на далечина („Службен весник на Република Македонија“ бр.153/15)

**Член 4**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ - Закон за изменување и дополнување на Законот за давање на финансиски услуги на далечина („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21)

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.